ПРЕДЛАГАЧ: Владата на Република Македонија

ПРЕТСТАВНИЦИ: Диме Спасов, министер за труд и социјална политика и

Ибрахим Ибрахими, заменик на министерот за труд и социјална политика

ПОВЕРЕНИЦИ: Муедин Кахвеџи, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и

Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика

# П Р Е Д Л О Г - З А К О Н
за дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа, по скратена постапка

Скопје, септември 2013 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 41-6238/1
18.09.2013 година
С к о п ј е

**ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**С К О П Ј Е**

Врз основа на членот 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог-закон за дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа, по скратена постапка, што го утврди на седницата, одржана на 18.09.2013 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Диме Спасов, министер за труд и социјална политика и Ибрахим Ибрахими, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Муедин Кахвеци, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Ленче Коцевска, државен советник во Министерството за труд и социјална политика.

ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

м-р Зоран Ставрески

Подготвил: Биљана Цоневска
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Согласен:Митра Спасовска
Одобрил: Кирил Божиновски

ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Во Република Македонија областа на безбедноста и здравјето при работа е уредена со Законот за безбедност и здравје при работа (”Службен весник на Република Македонија” бр. 92/2007, 136/2011, 23/13 и 25/13).
Предложените дополнувања на овој Закон се во насока на самостојно уредување на прашањата од областа на заштитата и здравјето при работа од страна на Царинската управа, имајќи ја во предвид специфичноста на надлежностите на Царинската управа, како и посебните услови во кои работат царинските службеници. Потребата од обезбедување на најсовремени стандарди во поглед на заштита на вработените од ризиците на работно место, и спецификите на надлежностите на Царинската управа како и посебните услови во кои работат царинските службеници, се причина за изземање на Царинската управа од Законот за безбедност и здравје при работа.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Основна цел на предложенито дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа е во насока на самостојно уредување на прашањата од областа на заштитата и здравјето при работа од страна на Царинската управа, имајќи ја во предвид специфичноста на надлежностите на Царинската управа, како и посебните услови во кои работат царинските службеници.
Со измените на Законот се обезбедува правна основа за Царинската управа самостојно да ги уредува прашањата од областа на заштитата и здравјето при работа, со што ќе се изедначи со правата и обврските во оваа област со полицијата и вооружените сили.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на Законот за дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа не предизвикува фискални импликации.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не се потребни финансиски средства.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Со оглед на тоа дека се работи за само за едно дополнување од законот, согласно со член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија„ бр.91/08,119/2010 се предлага законот да биде донесен по скратена постапка

ПРЕДЛОГ-ЗАКОН
за дополнување на Законот за безбедност и здравје при работа

Член 1

Во Законот за безбедност и здравје при работа (”Службен весник на Република Македонија” бр. 92/07, 136/11, 23/13 и 25/13) во членот 2 став (2) по зборот ,,полицијата “ се додаваат зборовите ,,Царинската управа .“

Член 2

Се овластува Законодавно – правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за безбедност и здравје при работа.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

## I. ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Во областа на безбедност и здравје при работа се покажа потреба за самостојно уредување на прашањата од областа на заштитата и здравјето при работа од страна на Царинската управа, имајќи ја во предвид специфичноста на надлежностите на Царинската управа, како и посебните услови во кои работат царинските службеници.

Со измените на Законот се обезбедува правна основа за Царинската управа самостојно да ги уредува прашањата од областа на заштитата и здравјето при работа, со што ќе се изедначи со правата и обврските во оваа област со полицијата и вооружените сили.

Предложените дополнувања на овој Закон се во насока на самостојно уредување на прашањата од областа на заштитата и здравјето при работа од страна на Царинската управа, имајќи ја во предвид специфичноста на надлежностите на Царинската управа, како и посебните услови во кои работат царинските службеници. Потребата од обезбедување на најсовремени стандарди во поглед на заштита на вработените од ризиците на работно место, и спецификите на надлежностите на Царинската управа како и посебните услови во кои работат царинските службеници, се причина за иземање на Царинската управа од Законот за безбедност и здравје при работа.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решението содржано во предложената одредба е меѓусебно поврзано и се однесува на доуредување на системот за безбедност и здравје при работа на вработените.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените дополнувања ќе се овозможи на Царинската управа самостојно да ги уредува на прашањата од областа на заштитата и здравјето при работа, со што ќе се изедначи со правата и обврските во оваа област со полицијата и вооружените сили.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБАТА НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА КОЈА СЕ ДОПОЛНУВА

Член 2

(1)Одредбите од овој закон се применуваат во сите дејности на јавниот и приватниот сектор, за сите лица осигурени од повреда на работното место или професионалните болести според прописите на пензиското, инвалидското и здравственото осигурување и за сите други лица кои се вклучени во работните процеси.

(2)Одредбите од овој закон не се применуваат во дејностите доколку со посебен пропис не е регулирана оваа материја (вооружените сили, полицијата, во некои посебни активности на силите за заштита и спасување), во спротивно безбедноста и здравјето на вработените при работа кај овие дејности треба да се обезбедат, колку што е можно повеќе според целите на овој закон.